# З А П И С Н И К

## Од 35-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 35-та редовна седница на ден 26.08.2020 година (Среда) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Фанче Томова и Виолета Ристова и неоправдано отсутен Ракип Асанов.

На седницата присуствуваа: Марјан Јанев градоначалник на општина Василево, Горан Андонов, Славе Андонов, претставници од општинската аддминистрација, Стојан Тимов директор на ООУ „ Гоце Делчев "Василево, Соња Ничева директор на ООУ „ Атанас Нивичански" од Нова Маала и Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија Василево.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 35-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 34-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 31.07.2020 година, немаше забелешќи од страна на советниците, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 4

За работа на 35- та седница на Совет на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

1. Годишен извештај за работата на ООУ„Атанас Нивичански", с. Нова Маала за учебната 2019/2020 година.
2. Годишна програма за работа за учебната 2020/2021 година на ООУ „Атанас Нивичански", с. Нова Маала.
3. Годишна програма за работа за учебната 2020/2021 година на ООУ „Гоце Делчев", с. Василево.
4. Финансиски извештај на ЈП „Турија" за прво полугодие за 2020 година од 01.01.2020 до 30.06.2020 година.
5. Предлог-одлука за пренесување на правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с. Седларци на ЈПКД „Турија", Василево.
6. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект –деловен објект на к.п бр. 2350 во КО Василево.
7. Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од Здружение на тутунопроизводители „Басмак", Василево.
8. Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од група на граѓани од с. Владевци.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 35- та седница на Совет на општина Василево никој не се јави за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

**1.**

Поради немање кворум за работа Комисијата за општествени дејности не се состана. Беше отворена расправа по првата точка од дневниот ред: Годишен извештај за работата на ООУ„Атанас Нивичански“, с. Нова Маала за учебната 2019/2020 година за збор се јави Марјан Трајков член на Советот на Општина Василево бидејќи програмата беше доставена на CDE немат можности сите советници да ја разгледат побара кратко образложение од дирекрторката на ООУ „Атанас Нивичански“.

Соња Ничева директор на ООУ „Атанас Нивичански“ од Нова Маала рече дека Годишниот Извештај за работа на училиштето за 2019/2020 година ги устварува целите и задачите на основното образование и вопспитание согласно Законот за основно образование. Основна дејност на училиштето е образовање и воспитување на деца од 6 до 15 годишна возраст односно до 17 години во согласност педагошко психолошката служба, наставата во училиштето е организирана со задолжителна настава според наставниот план и програма од Министерството за образование и наука, изборна настава, додатна, дополнителна настава, вон наставни активности во чиј состав се и слободните ученички активности и задолжителна настава. Наставата ја реализират вкупно 37 наставника од кој 22 во оделенска настава вклучувајќи ги и наставниците по Англиски јазик, природни науки, техничко образование, македонски јазик, турските паралелки на турски наставен јазик. Рече дека во подрачното училиште во Висока Маала наставата ја реализират четири наставници. Според табеларниот приказ бројот на ученици по оделенијата на маќедонски јазик се од прво до девето оделение. има чисти и комбинирана паралелка. Прво одделение комбинирана паралелка вкупно 260 ученици.Изборна настава има ученици и на турски наставен јазик кој се извдува во подрачното училиште во Висока Маала од прво до пето одделение вкупно 90 ученици од кој прво одделение чиста паралелка, второ комбинирана,трето комбинирана, и четврто има машки 53 и женски37 ученици. Дополнителна настава се реализирани 364 часови и на турски јазик 141 час. Ученичка заедница на ниво на училиштето е формирана и работи со изготвена програма по инијацетева на ученичка заедница. Исто така беше одбележан и денот на гладот со соработка со локалната самоуправа. Традиционално и оваа учебна година од прво до пето одделениер се одбележува и детската недела. Исто така на ниво на држава се изведуват ученички екскурзии. Рече дека оваа година се реализира еднодневна екскурзиа. Оваа година екскурзиите не беа реализирани. Од Март месец во сите училишта на ниво на државата се работи на on-line настава. Според табеларниот приказ успехот на учениците по поставените предмети опфатени се Македонски јазик, Англиски јазик, Германски јазик, математика , историја, Географија, Етика Граѓанско образование, природни науки, Биологија , информатика, Македонски јазик на другите заедници плус хемија, техничко образование, ликовно , музичко, физичко и иновации. Изборни Предмети во ООУ „Атанас Нивичански“ од Нова Маала беше ,,Нашата Татковина“, изборен „ Вештина на Живеење“, проекти од ликовна уметност, проекти од информатичко техничко образование и Етика на Религија. Табеларно даден е успехот на учениците. Највисок успех секогаш постигнуват учениците по предметите: музичко, физичко и ликовно. Најслаб успх имат учениците по Хемија, Физика, и Биологија со среден успех. Успехот на учениците од шесто до девето одделение даден е според процентот одлични, многу добри, добри , и доволен успех. Даденна е процентоалната присутност на наставниците оправдани и неоправдани и за учениците. Околу тековните Активности Соња Ничева директор на ООУ „Атанас Нивичански“ од Нова Маала рече дека секогаш има проблеми кој се настојува секогаш да бидат решени па други се јавуват. Оваа година поради ситуацијата со корона вирусот сите се во неизвесност кога ке почне учебната година се чека одговор бидејќи ги очекуваат најновите насоки од надлежните институции.Последната Одлука е од прво до трето одделение да се одпочне со физичка присутност а останатите да бидат на on-line настава дали учебната година ќе почне од 1 септември или 15 се чека известување од надлежните институции.

Немаше друг ријавено за збор првата точка од дневниот ред: Годишен извештај за работата на ООУ„Атанас Нивичански“, с. Нова Маала за учебната 2019/2020 година беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4

**2.**

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Годишна програма за работа за учебната 2020/2021 година на ООУ „Атанас Нивичански“, с. Нова Маала, немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4

**3.**

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред Годишна програма за работа за учебната 2020/2021 година на ООУ „Гоце Делчев“, с. Василево, немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4

**4.**

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред Финансиски извештај на ЈП „Турија“ за прво полугодие за 2020 година од 01.01.2020 до 30.06.2020 година.за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален развој рече дека комисијата на седницата од 5 присутни члена го усвои со3 гласа за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 2

Немаше друк пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред Финансиски извештај на ЈП „Турија“ за прво полугодие за 2020 година од 01.01.2020 до 30.06.2020 година беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 4

**5.**

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за пренесување на правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с. Седларци на ЈПКД „Турија“, Василево. за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за Урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена комисијата ја усвои со 5 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ немаше .

Немаше друг пријавено за збор: Предлог-одлука за пренесување на правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с. Седларци на ЈПКД „Турија“, Василево беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект –деловен објект на к.п бр. 2350 во КО Василево. за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за Урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на

седницата ја разгледа од 5 присутни члена комисијата ја усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, немаше .

Немаше друг пријавено за збор:Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект –деловен објект на к.п бр. 2350 во КО Василево беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од Здружение на тутунопроизводители „Басмак“, Василево. за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален развој рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето беше усвоен предлогот да се доделат финансиски средства во висина од 15.000 денари од 5 присутни членакомисијата го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,,2 и ,, воздржани,, немаше . Немаше друг пријавено за збор: седмата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од Здружение на тутунопроизводители „Басмак“, Василево.со усвоениот предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 15.000 денари, беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 7 гласа,, за,, ,, против,, 4 и ,, воздржани,, нема.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од група на граѓани од с. Владевци, за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален развој рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето од 5 присутни члена комисијата го усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, немаше .

Немаше друг пријавено за збор осмата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од група на граѓани од с. Владевци,беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 35- та седница на Советот на општина Василево.

**Записничар:**
**Зора Коларова**

**Совет на општина Василево**
**Претседател**
**Крсте Панев**